**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-2157/1 од 23.05.2019 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е

Ја свикувам **Дваесет и четвртата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **30.05.2019 година (четврток) со почеток во 11 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2019 година;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;
3. Предлог - Одлука за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
4. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Чашка;
5. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: ''Реконструкција на регионален пат Хиподром - Илинден'';
6. Предлог - Одлука за одобрување на финансиско учество на Општина Гази Баба, за кофинансирање во проект: ''Изградба на потпорни ѕидови и плоча во должина од 100 метри преку делумно уредување и покривање на каналот во село Сингелиќ, Општина Гази Баба - I фаза'';
7. Предлог - Одлука за прием и отстапување на донација;
8. Предлог - Заклучок за прифаќање на Иницијативата на Градоначалникот на Општина Гази Баба, за отпочнување на постапка за изменување на Статутот на Општина Гази Баба;

9. Предлог - Статутарна Одлука за изменување на Статутот на Општина Гази Баба;
10. Предлог - Одлука за утврдување на оправданост за отпочнување на постапка за изменување на грбот и знамето на Општина Гази Баба.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**